МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Стручно доусовршување од областа на Инфектологијата - Хепатити*

*Назив на ЈЗУ : ЈЗУ Обшта Болница Охрид*

*Клиника за Инфективни и тропски болести, Клинички центар Србија, Белград,*
*28.11.2016 до 23.12.2016*

*Д-р Гордана Пешликовска, специјалист инфектолог*

*28.12.2016*

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Стручно доусовршување од областа на Инфектологијата - Хепатити*




www.moh.gov.mk

Во тек на мојот престој на Клиниката за инфективни и тропски Болести, КЦС, бев распоредена на Одделението за Хепатити под менторство на доц.д-р Ивана Милошевиќ.

Имав прилика да се запознаам со работата на одделението, како со примена на дијагностичките методи - лабораториски, имунолошки и други иследувања кои беа користени за уточнување на приемната дијагноза или поставување на етиолошка дијагноза кај нејасните причини на хепатално оштетување, така и со терапијата на хепатити и други хепатални оштетување од инфективна генеза. Имав прилика да бидам запознаена со третман како на акутните, така и на егзацербациите на хронични хепатити, исто и на хепаталните цирози од постхепатитисна генеза.

Заедно со мојот ментор, д-р И.Милошевиќ, во улога на посматрач, присуствував и во Гастронетеролошката амбуланта каде беа изведувани дијагостички процедури- биопсија на хепар, гастроскопија, колоноскопија и лапароскопија.

Со оглед на мојата претходна едукација за еходијагностика на абдомен, бев активно вклучена во ехо прегледите на абдомен, како на хоспиталните, така и на амбулантските пациенти.

Исто така присуствував и во субспецијалистичката амбуланта за хепатити, каде беа следени и вршени контроли кај пациентите со хроничен хепатит.

На моја иницијатива и барање ми беше овозможено од страна на директорот на Клиниката и мојот ментор, да бидам присутна и запознаена и со работата на останатите одделенија, како одделението за гастроентерологија, за инфекции на нервниот систем , за интензивна нега и реанимација и одделението за клиничка фармакотерапија.

Исто така имав прили ка присуствувам и на 2 предавања кои се дел од континуираната едукација на лекарите специјалисти, предавање за Енцефалити и за Хепатална инсуфициенција.

Се надевам дека искуството стекнато во тек на мојот 4 неделен престој на Клиниката за Инфективни и тропски болести во Белград ќе можам да го применам во тек мојата секојдневна работа на Инфективно одд., при ЈЗУ ОБ Охрид, со цел за подигнување на нивото на здравствени услуги кои ние лекарите специјалисти ги пружаме на нашето одделение.

Благодарност до Министерството за здравство на Република Македонија за овозможување и остварување на една ваква едукација.